РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
Бр. 04-6250/12
23-12-2019 .2019 год.
Скопје

Врз основа на член 52 став 1 од Закон за административни службеници ( Службен весник на Република Македонија бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18), Правилникот за систематизација на работни места во Министерство за животна средина и просторно планирање, Државниот секретар на Министерство за животна средина и просторно планирање, донесе:

# ОДЛУКА

## За избор на кандидат по Интерен оглас број 9/2019 за унапредување на административен службеник на Министерство за животна средина и просторно планирање

1. Кандидатот **Африм Љатифи**, по пат на интерен оглас број 9/2019 објавен на 03.12.2019 година се избира на работното место **УПР 01 01 Б04 000, - Раководител на одделение за лабораторија**, Одделение за лабораторија и теренски мерења, Сектор за животна средина; – 1 (еден) извршител.

2. Изборот е извршен врз основа на Финална ранг листа на интервјуирани кандидати и предлог одлука за избор на прво рангираниот кандидат по Интерен оглас 9/2019 со архивски број 04-6250/11 од 19.12.2019 година.

3. Именуванувaниот ќе биде унапреден на работното место од став 1 по конечноста на оваа одлука.

4. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

## Образложение

Врз основа на добиено известување за обезбедени финансиски средства од Министерство за финансии со архивски број 18-4470/2 од 11.06.2019 година, Министерот на Министерство за животна средина и просторно планирање упати барање со архивски број 04-5415/1 од 15.10.2019 година за објавување на интерен оглас за унапредување на административен службеник во Министерство за животна средина и просторно планирање. Одделението за управување со човечки ресурси, објави интерен оглас број 9/2019 за унапредување на 1 административен

службеник во Министерство за животна средина и просторно планирање, објавен на ден 03.12.2019 година на веб страната на Министерство за животна средина и просторно планирање и на веб страната на Агенција за администрација. Во функција на спроведување на постапката за унапредување на административни службеници, комисијата за унапредување на административни службеници, формирана од страна на Државниот секретар со Решение за формирање на Комисија за селекција за унапредување на административен службеник со архивски бр. 04-6250/8 од 19.12.2019 година, направи административна селекција и одржа интервју со уредните кандидати кој што ги исполнуваат условите предвидени согласно Законот за административни службеници и Правилникот за систематизација на работни места во Министерство за животна средина и просторно планирање. Врз основа на освоените бодови од административната селекција и освоените бодови од интервјуто, комисијата состави Записник од административната селекција за интерен оглас за број 9/2019 за унапредување на административни службеници со архивски број 04-6250/9 од 19.12.2019, Записник од работата на Комисијата за селекција за унапредување на административен службеник заради спроведување на интервју со архивски број 04-6250/10 од 19.12.2019 година, изготви Финална ранг листа на интервјуирани кандидати и предлог одлука за избор на прво рангираниот кандидат по Интерен оглас 9/2019 со архивски број 04-6250/11 од 19.12.2019 година. Врз основа на ранг листа Државниот секретар во Министерство за животна средина и просторно планирање донесе одлука да се изврши избор како во диспозитивот на оваа одлука.

По конечноста на оваа одлука, ќе се донесе решение за унапредување за именуваниот.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа одлука кандидатот кој не е избран има право на жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 дена од денот на објавување на одлуката на веб страницата.

**Државен секретар**
**Ана Петровска**

Доставено до
- Именованиот
- Архива
- Одделение за упрвавување со човечки ресурси
- Сметководство

Примил: 26.12.2019